***5 Март – Патрон празник на нашето училиште „Страшо Пинџур„ – село Мало Коњари***

Во чест на херојот, го славиме раѓањето на нашиот патрон Страшо Пинџур и одбележуваме 67 години од постоењето на училиштето. Сета наша љубов и работа поврзана со постоењето на нашето училиште, ја одбележуваме во услови на пандемија. Согласно протоколите, одбележувањето се одржа на отворено, пред влезот на училиштето, со кратка програма и со положување на свежо цвеќе пред бистата на нашиот херој. Нека му е вечна слава!



Кратката програма се состоеше од краток рецитал на ученичката Ева Кочоска, од VII одделение, потоа краток осврт за животот на херојот ни раскажаа ученичките Бојана Коруноска од VII одделение и Јована Каралиоска од VIII одделение. Како за крај на оваа скромна програма, со своја лична творба за патронот се претстави ученичката Слаѓана Аљакоска од VIII одделение.


„СТРАШО ПИНЏУР"


„СТРАШО ПИНЏУР"


„СТРАШО ПИНЏУР"